ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ

СТРУМИЦА

# СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО ВРЕМЕТО НА БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ И БУКУРЕШКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР

Материјали од научниот собир одржан по повод 60 години од основањето на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица (1952 – 2012) и по повод 100 години од започнувањето на Балканските војни (1912 – 2012)

(Струмица, 25 – 27 октомври 2012)

Струмица
2013

**Проф. д-р Ванчо ЃОРЃИЕВ**
**Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**

# СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ - ПОГЛЕД НИЗ ДНЕВНИЦИ И СПОМЕНИ -

Струмица со својата околина за време на Балканските војни преживеала слична судбина како повеќето македонски градови и области. Сепак, поради специфичната местоположба, Струмица се нашла на крстопат каде се вкрстувале интересите на Балканските сојузници (Бугарија, Грција и Србија). Оттука настаните во Струмица од овој период бележат своевидни специфичности, карактеристични само за овој крај.

За време на Првата балканска војна, вечерта на 22 октомври (ст. стил) / 4 ноември 1912 година во градот прва и без борби, речиси симболично, влегла една мала бугарска единица, иако кон градот заеднички настапувале бугарски и српски војски. Наредниот ден, 23 октомври (ст. стил), во градот триумфално влегле бугарски и српски војски. Тие биле пречекани свечено од трите верски поглавари: оџата, егзархискиот и патријаршискиот митрополити. Меѓутоа, бугарските војски брзајќи на југ кон Солун, наредниот ден (24 октомври, ст. стил) ја напуштиле Струмица, при што во градот останал само српски гарнизон. Нешто подоцна тука влегла и една мала грчка чета. Бугарите иако во Струмица немале воени сили, овој крај го сметале за сопствена окупациска зона во која настојувале да организираат цивилна власт. Поради тоа често наидувале на недоразбирање со српските воени власти. Во Втората балканска војна, бугарските војски панично ја напуштиле Струмица, а градот бил заземен од грчките војски. Меѓутоа, со Букурешкиот мировен договор, Струмица ѝ припаднала на Бугарија. Поради тоа грчките војски при повлекувањето од Струмица запалиле поголем дел од градот, а заедно со нив се повлекле и струмичките патријаршисти.

Во овој прилог немаме намера интегрално да ја интерпретираме положбата во Струмица и во Струмичко за време на Балканските војни, туку да проследиме определени настани и процеси низ призмата

и перото на поедини учесници и сведоци на оваа турбулентно време. Притоа сметаме дека со материјалот што го нудиме даваме скромен придонес кон збогатување на созанијата за Струмица и за Струмичко во текот на Балканските војни. Притоа акцентот првенствено е ставен на обичниот човек, неговата судбина и неговите постапки во едно страшно напрегнато време.

1. Најпрво ќе ги проследиме информации за Струмица од извештајот на генерал Георги Тодоров,[1] командант на Седмата рилска пешадиска дивизија. Според него основна стратешка цел на Седмата рилска дивизија бил градот Солун. Затоа кон него на 20 октомври (ст. стил) 1912 се упатиле три бригади од Седмата рилска дивизија. Притоа, Првата бригада се движела од Кочани преку Плачковица, Струмица, Дојран и Кукуш кон Солун. Втората бригада преку Малешевско, Петричко, Хамзали, Кукуш до Солун. Додека Третата бригада, дејствувала самостојно и се движела преку Кресненската и Рупелската клисура и натаму преку Демирхисарско кон Солун.[2] Според кратките информации во извештајот на 23 октомври (ст. стил) кон Струмица тргнал еден ескадрон војска. При влегувањето во градот, војските биле радосно пречекани од многу илјаден народ „Бугари и Турци".[3] Претходно османлиските воени началници планирале да се спротивстават кај Струмица, меѓутоа бугарскиот и грчкиот владици со поддршка од неколку угледни Турци, успеале да ги одвратат од оваа намера, бидејќи тоа скапо би го чинело градот. Во извештајот уште е забележано дека утрото на 24 октомври (ст. стил), Турците сами почнале да го предаваат своето оружје, и дека во градот останал 14 српски полк.[4] Истиот ден, бугарските војски тргнале кон Валандово. По патот дотаму цело време наидувале на паднати турски војници и башибозук, за кои нема информации од што настрадале. Патем наишле на групи цивилни турски бегалци, кои во паничен

---

[1]Георги Стојанов Тодоров, (1858, Болград, Русија - 1934, Софија). Бугарски офицер, учесник во Руско-турската војна 1877-1878; во Српско-бугарската војна 1885; во Балканските војни 1912-1913 и во Првата светска војна 1915-1918. За време на Балканските војни бил командант на VII рилска пешадиска дивизија чија стратешка цел била заземањето на Солун. Во Првата светска војна бил командант на II бугарска армија во Македонија, а од 1917 г., командант на III бугарска армија на Добруџанскиот фронт.

[2]Какъ и защо се прѣдаде Солунъ. (според свѣдѣния на чужди военни кореспонденти и рапорта на ген. Тодоровъ), Шуменъ, 1913, 7.

[3]Исто.

[4]Исто.

страв не знаеле ниту од што, ниту каде бегаат. Целиот имот на овие бедни семејства бил натоварен на по едно муле, околу кое се плеткало по некое куче. Притоа бугарските офицери настојувале да ги убедат да се вратат по домовите и да останат спокојни.[5]

2. Со Штабот на Седмата рилска дивизија се движел и Георги Т. Пеев, како дописник на весникот „Мир", каде ги публикувал и своите записи под наслов „До Солун и обратно".[6] Според него, Штабот на Седмата рилска дивизија на 21 октомври (ст. стил) од с. Владимирово–Малешевско се упатил кон Гарван Планина,[7] со намера да воспостави контакт со дел од Првата бригада. Меѓутоа, Штабот тука не успеал да се поврзе со своите единици. Единствено што знаеле бил фактот дека Првата дивизија преку Плачковица треба да настапи кон Струмичко Поле. Независно од тоа, Штабот се сместил на Готен, со надеж дека ќе се поврзе со левото крило на Првата бригада. Г. Пеев, овде бележи средба со еден селанец од околните колиби. Селанецот, кој дотогаш не видел топ, туку само слушал за неговата магична моќ, инсистирал, па дури самиот предлагал поволни позиции од каде требало барем еднаш да изгрми топот за да растрепери целата Струмичка Долина и да побегнат Турците од Струмица.[8]

Бидејќи Штабот не успеал да воспостави врски со своите единици, а со оглед на непознавањето на теренот, одлучил да се врати во месноста Караѓозли. Со овој маневар Штабот, речиси несвесно, избегнал судир со османските сили (редовна војска и една башибозучка чета) кои дејствувала на потегот кај с. Подареш. Овие турски формации на 22 октомври (ст. стил) кај Подареш имале судир со Првата бригада од Седмата рилска дивизија. Истото утро Штабот на Седмата рилска дивизија низ Смиљанската Долина се спуштил кон Радовишко. Тогаш кај с. Смиљјанци бил воспоставен посакуваниот контакт со Првата бригада. Таму сретнале една група од жени, деца и старци, бегалци од селото Јаргулица– Радовишко. Според Г. Пеев, сред убавата природа таквата глетка била „поразителна".[9] На Г. Пеев, особено трогателен впечаток му оставил непрекинатиот плач

---

[5]Исто, 8.
[6]Георги Т. Пеев, С Щаба на 7-та Пех. Рилска дивизия од Кюстендилско до Солун. Македония 1912-1913, Дневници и спомени, Съставител Момчил Петров Йонов, София, 1995, 44.
[7]Исто, 27.
[8]Исто, 28.
[9]Исто, 30.

на 14-годишната Бела Василева. Бегалците отрпнати од плачот на девојчето веќе не му обраќале внимание и го оставиле да тагува. Сепак, одвреме навреме, едно девојче ја фаќала Бела за рака со зборовите: „Трај Бела, трај, мајка ти е жива".[10] Г. Пеев му пристапил на девојчето и од него ја дознал приказната: Башибозукот го нападнал селото Јаргулица при што сите жители побегнале. Мајка ѝ на Бела, бидејќи била бремена не можела да бега поради што останала во селото, а соседите го повеле девојчето со себе. Што се случило со мајка ѝ на Бела, „само еден господ знаел". Сведоци на ова слика покрај Г. Пеев, биле Анастас Иширков и Јордан Иванов.[11]

Попладне, Штабот на Седмата дивизија слегол во полето кај с. Подареш, каде тоа се соединува со Струмичко Поле. Тоа на неколку места било покриено со облаци од густ чад од изгорените села. Оттаму свртеле кон Струмица за да се поврзат со Првата бригада. Десно од нив се движел 14-тиот полк од српската Тимочка дивизија. Само еден час пред тоа на просторот меѓу чифликот кај Подареш и долината на реката Струмица биле разбиена една турската единица и башибозук во јачина од 1600 војници.[12]

На десеттина километри пред Струмица, здружените војски се распоределе во боев поредок во форма на лак зафаќајќи ја рамнината и малите околни ритчиња. Десното крило го држел 16-тиот српски полк, левото 13-от Искрски полк, а централната колона- 26-от Пернички полк. Штабот на дивизијата и Штабот на бригадата се движеле зад авангардата. Овие мерки биле преземени бидејќи Штабот пред Струмица очекувал сериозна битка. Првите истрели дошле од десното крило каде настапувала српската ридска батерија, а веднаш потоа се активирала и артилеријата. Меѓутоа, сериозен противник не се појавил. Всушност, овде за кратко време се испречила потиснатата башибозучка чета, која претходно била прогонета од кај с. Подареш. Приквечер војските влегле во с. Василево, каде останале да преноќат. Притоа, Штабот се сместил во чифликот на Тасим бег. Во исто време во Василево пристигнале неколку струмички граѓани во својство на пратеници кои соопштиле дека градот се предава. Поради тоа уште истата вечер кон градот заминала Втората дружина од 26-от Пернички

[10]Исто.
[11]Исто.
[12]Исто, 31.

полк.[13]

Утрото на 23 октомври (ст. стил), Штабот на Седмата рилска дивизија и еден ескадрон од кавалеријата заедно со командантот на 14-от српски полк, полковникот Књажевиќ, свечено влегле во градот. Според Г. Пеев, тие биле пречекани од христијани и муслимани со цвеќиња и извици „Да живее Бугарија”.[14] По струмичките улици граѓаните весело ги фрлале своите шапки нагоре. Оние што немале шапки на своите фесови поставиле крстови. На куќите почнале да се појавуваат бугарски знамиња, а градските камбани непрекинато биеле, прославувајќи ја слободата. Во оваа еуфорија, струмичките граѓани ги предводел егзархискиот митрополит Герасим, во придружба на патријаршискиот митрополит Арсениос, оџата, градскиот кмет-Турчин. Веднаш по нив биле градските првенци: муслимани и христијани.

По тој повод митрополит Герасим одржал говор во кој го величал значењето на бугарската „ослободителна“ војска. По него, оџата принел тепсија со „леб и сол“, заедно со градските клучеви. Оџата истакнал дека турското население одлучило да го предаде градот на бугарската војска. Поворката се упатила во егзархиската митрополија, каде владиката Герасим, омајан од радост изјавил дека претходните дваесеттина години се чувствувал како во „затвор, секогаш презиран од власта и непријателите на бугарштината“.[15] Посебен впечаток на Г. Пеев му оставило пријателското дружење меѓу бугарскиот и грчкиот митрополити.[16] На свеченоста во егзархиската митрополија присуствувале повеќе првенци- Турци. Видно место меѓу нив имал Сулјеман паша. За него биле искажани пофални зборови, како од владиката Герасим, така и од повеќе струмичани. Покрај него, во митрополијата се појавил и Митхад ефенди, прокурор во Струмица, младотурчин по убедување. Тој претходно ги ослободил сите затворениците, а со тоа ги спасил од сигурна смрт.

Попладне славениците заминале во седиштето на грчката патријаршиска митрополија. Таму биле одржани повеќе говори за значењето на „балканската акција“ и сојузот на „православните народи“. Владиката Герасим одржал реч во чест на царот Фердинанд,

[13]Исто, 31.
[14]Исто, 32.
[15]Исто, 33.
[16]Исто.

полковникот Димо Овчаров за грчкиот крал, а Никола Сурин за Србија и за Црна Гора.[17]

Наредното утро на 24 октомври (ст. стил), било разоружено муслиманското население, кое го предало доброволно оружјето. На овој ден Г. Пеев бележи еден интересен настан. Тогаш во егзархиската митрополија била доведена една потурчена жена. Таа потекнувала од бедно семејство, а нејзината социјална положба придонела да се омажи за еден Турчин вдовец, кирација во Пехчево. Меѓутоа, во оваа бурно време, неколку жени од Пехчево ја довеле пред струмичкиот егзархиски митрополит за да ја вратат во православната вера. Беспомошната жена велела дека со неа може да прават што сакаат: „Ако ме оставите ќе живеам со Турчинот, бидејќи немам при кого да идам и кој да ме храни. Ако ме одделите од него ќе се помирам и со тоа". Препуштајќи ја својата судбина во рацете на другите, оваа жена инсистирала да не ги задеваат децата на сопругот Турчин од неговата прва жена, кои таа ги гледала како вистинска мајка. Притоа велела „тие се деца" и дека биле „невини".[18] Трогнат од постапките на оваа бедна, но благородна жена, Г. Пеев пишува: „Јас првпат видов мајка–маќеа да полага толку грижа за туѓи деца".

Околу пладне Штабот на Седмата рилска дивизија ја напуштил Струмица и заминал кон Валандово, а во градот останал 14-от Српски полк. На патот за Валандово пред нив се појавиле групи бегалци–муслимани, кои всушност и не знаеле каде бегаат. Офицерите од Седмата рилска дивизија се обиделе да ги убедат да се вратат по своите домови, ветувајќи им безбедност за имотот и за животот.

3. Со Седмата рилска дивизија се движел и Васил П. Коларов, кој своите извадоци од дневникот ги објавил во „Работнички весник", под наслов „Победи и порази".[19] Денот при триумфалното влегување на бугарските и српските војски во Струмица, В. Коларов престојувал во с. Василево. Таму дознале за заземањето на Димотика и бугарското напредување кон Одрин. Имајќи ја предвид оваа вест, Коларов констатира дека Седмата рилска дивизија задоцнила многу. Во врска со тоа Коларов пишува: „Навистина, ние можевме да бидеме во Солун, бидејќи на 11 октомври ги разбивме Турците кај Кочани и

---

[17]Исто, 34.
[18]Исто, 35.
[19]Васил П. Коларов, Преживелици и впечатления от войната, Македония 1912-1913..., 80.

оттогаш па досега не сретнавме никаква турска сила. Се појави малку башибозук во јуруклукот, но дали неколку стотини башибозук може да го сопрат 12 дена маршот на цела бригада со артилерија, кртешници и кавалерија. Велат дека нашето настапување било забавено по наредба на командант Степан Степановиќ. Тоа можеби е вистина, бидејќи српската команда можеби сакала ние да не напредуваме многу бргу...".[20]

Наредниот ден оваа единица добила наредба да замине за Струмица. Тоа утро иако ведро и сончево, било многу ладно и речиси сè било замрзнато. В. Коларов за пејзажот пред Струмица пишува: „Пред градот е рамно, полето е добро обработено и прикриено со црничкови градини, ниви со памук и со афион. По стрмнините насекаде имаше лозја. Фабрички оџак не се гледа. Само при влезот се слуша пуфтањето на еден мотор."[21] Коларов потенцира дека во градот биле пречекани со цвеќиња. Мажите, жените и децата биле празнично облечени за да ја пречекаат бугарската војска. Христијанските дуќани биле отворени, при што повеќето продавачи биле „Грци", додека „Бугарите" претежно биле занаетчии. Турските дуќани биле затворени, но грабање немало. Турското население биле повлечено во своите домови, а низ градот се движеле патроли. Овде онде се среќавале вооружени комити. Жените им принесувале леб, грозје и слатки на војниците.

Коларов и неговата единица не се задржале во Струмица, туку веднаш заминала кон с. Робово. Таму затекнале неколку изгорени куќи, кои биле запалени од Турците. Една жена го оплакувала своето 12-годишно момче кое било убиено од Турците. Всушност, во селото влегле Турци, зеле што им треба и убиле две момчиња. Подолу се слушале истрели во празно од страна на бугарската војска која прославувала, а еден бугарски војник со себе водел 4 невооружени Турци. Според Коларов, Турците заради својот пораз се одмаздувале дури и на животните. Тоа го поткрепува со едно убиено јаре и едно „ѓаурско" магаре, чиишто црева биле истурени на патот. Оттаму се упатиле кон Валандово. Коларов како и Г. Пеев забележува дека на овој простор сретнале муслимани– бегалци. Нивниот имот кој се состоел од неколку партали бил натоварен на коли на кои имало бели знамиња. Бегалците биле придружувани од бугарски војници.

---

[20]Исто, 71.
[21]Исто.

Коларов си го поставува прашањето зошто овие луѓе ги напуштиле своите домови, и одговара: „Стихијата на војната ги завлекла и сега ќе најдат само пепелишта и црна мизерија...“.[22]

4. Со Седмата рилска дивизија во Струмица влегол и рускиот воен дописник Николај Сурин. Неговите впечатоци се публикувани во весникот „Мир“.[23] Тие се со телеграфски карактер во неколку реченици. Сурин забележува дека Струмица бил единствениот град од каде турското население не побегнало, туку останало по своите домови, надевајќи се на праведноста на бугарските војски. Сурин нагласува дека бугарските војски при влезот во Струмица биле свечено пречекани од турска делегација, која им принела „сол и леб“ и ги предала клучевите на градот. Побелениот муфтија, принесувајќи го овој симбол на покорност се обратил со свечен говор, истакнувајќи, дека струмичани го доверуваат својот имот, живот и чест во рацете на праведните и великодушни победници.[24]

5. Интересни и богати информации за организацијата на бугарската административна и полициска власт во Струмица ни оставил Владимир Караманов, кој бил именуван за привремен окружен управник.[25] На 10 ноември (ст. стил) 1912 командантот на Седмата рилска дивизија– генерал Г. Тодоров издал заповед за организирање на административно полициска управа во заземените области од Седмата рилска дивизија. Во телеграмата било назначено дека на струмичкиот окружен управник му се потчинети околиските началници во Струмица, Радовиш, Дојран и Петрич кои биле именувани истовремено.[26] Именуваните биле задолжени да организираат административна и полициска служба во согласност со бугарските закони. На струмичкиот окружен управник и околиските началници, истовремено им било наложено во околиските центри да организираат месна милиција- составена од младинци на возраст од 20 до 25 години. Причините за издавањето на оваа наредба и именувањето на обични војници и доброволци на административни функции, Г. Тодоров ја образложил во телеграмата што ја испратил

---

[22]Исто, 72.
[23]Николай Сурин во освободена Македония, Македония 1912-1913..., 142.
[24]Исто, 141.
[25]Владимир А. Караманов, Из административната ми дейност в Струмичко и Кукушко, Македония 1912-1913..., 161-205.
[26]Исто, 161.

до Министерството за внатрешни работи на Бугарија. Г. Тодоров својата постапка ја правда со месните потреби и услови, бидејќи бил принуден да води упорна борба со грчките агитатори и војски, кои се претвориле во „грчки апостоли – грабачи“.[27] Во поткрепа на мотивите за таквата постапка на генерал Тодоров, В. Караманов појаснува дека уште при првиот контакт на бугарските војски со српските и со грчките војски меѓу сојузниците избила недоверба. Грчко-бугарската недоверба најпрво се почувствувала во Солун, а потоа и на просторот околу Дојранско, Струмичко, Петричко, Поројско, Демирхисарско, Серско, Драмско, Нигрита, С'ботско и Гуменца. Овие места иако биле ослободени од партизански одреди и од бугарската војска, набргу станале арена, каде грчките агитатори преку месното духовенство и учителите развиле силна кампања во прилог на грчката идеја. Слични проблеми избиле со Србите во местата каде што се наоѓале нивни гарнизони, а такви биле: Штип, Радовиш, Струмица и Дојран. Овие градови со своите околии биле заземени од Седмата рилска дивизија, која настапувала заедно со српската Тимочка дивизија под команда на генерал Степановиќ.[28] Грчкото и српското воено присуство во овие места го охрабрувало поведението на гркоманите и србоманите. Од друга страна, отсуството на бугарски воени единици и организирана административна–полициска власт, предизвикало безредие, насилство и убиства. Според Караманов, централните бугарски власти, особено Министерството за внатрешни работи не испратило искусни административни и полициски чиновници во окупираните области за да воспостават ред и заедно со воените сили да го спречат ширењето на грчките и српските територии. Од тие причини генерал Тодоров, без да ја чека централната власт за овие области на административни функции именувал лица од редовите на војниците и доброволците.[29]

Струмичкиот округ функционирал од 15 ноември (ст. стил), кога Караманов бил именуван за привремен управник до 29 ноември (ст. стил) 1912 година, кога по наредба на министерот за внатрешни работи и со согласност на началникот на Солунската воена област, Струмица го изгубиле статусот на округ и станала околија во рамките на Штипскиот округ.[30] Привремениот Струмички округ опфаќал

---

[27]Исто, 162.
[28]Исто.
[29]Исто, 163.
[30]Исто, 164.

четири околии: Струмичка, Радовишка, Дојранска и Петричка. Тие територијално се поклопувале со границите на дотогашните кази. Исклучок претставува Богданци, кое од Гевгелиската било присоединето кон Дојранската каза.

За окружен управник на привремениот Струмички округ бил именуван В. Караманов. Истовремено за околиски управници биле именувани: Никола Коцев за Струмица; Тодор Попов за Радовиш; Иван Топков за Дојран и Михаил Станоев за Петрич. Сите дотогаш биле обични војници во Седмата рилска дивизија.[31] Ним им биле определени 16 полициски стражари за придружба.[32] Вечерта на 14 ноември (ст. стил), Караманов пристигнал во Струмица, а должноста почнал да ја исполнува наредниот ден. Во тоа време во градот сѐ уште не бил воспоставен нормален живот. Во Струмица бил сместен Вториот баталјон од 14-та Пешадиска бригада на Тимочката дивизија под команда на мајор Живоин Грбиќ, кој истовремено бил и командант на градот.[33] Бугарска војска во градот немало. Таа била претставена од резервниот потпоручник Никола В'лчев, кој истовремено ја претставувал привремената бугарска административно-полициска власт. На оваа должност бил поставен од полковникот Тодор Митев, командант на Првата бригада од Седмата рилска дивизија. Тој за привремен кмет на градот го именувал Епаминонда Томчев, кој бил гркоман. Други административни органи на бугарска власт не биле воспоставени.

Н. В'лчев во својство на привремениот околиски началник, назначил дваесеттина полициски стражари, кои биле регрутирани меѓу егзархискаото население. Неколку од нив биле поранешни четници. Тие биле облечени во приватна цивилна облека, вооружени со мартинки или манлихери, а некои и со револвери. Единствено обележје дека претставуваат некаква власт била платнената лента во боите на бугарското знаме што ја носеле на левиот ракав. Кметот при својата работа бил помаган од неколку граѓани (егзархисти и патријаршисти), а како негов помошник именувал еден Турчин. Караманов нагласува дека двајцата струмички владици, одиграле значајна улога во првите неколку денови по ослободувањето на градот.[34]

---

[31]Исто.
[32]Исто, 165.
[33]Исто, 166.
[34]Исто, 167.

Истиот ден во Струмица пристигнал Георги Драмсизов во својство на финансиски началник, кој бил именуван од Министерството за финансии. Покрај српската војска, во тоа време во Струмица и во неколку патријаршиски села се наоѓала и една грчка чета со 3-4 офицери.[35] Оваа чета ги потхранувала месните гркомани на бугарската власт да гледаат како на преодна. При отсуство на бугарска војска во градот, месната бугарска власт единствено се потпирала на двете чети под водство на Никола Жеков и Кочо Хаџи Манов. Четниците биле обезбедени со коњи поради што лесно и бргу можеле да се движат по околијата. Од друга страна во ниедно село не била воспоставена привремена бугарска власт. Кметската должност вообичаено ја исполнувале дотогашните муфтари и некои повидни селани, од кои повеќето биле дотогашни раководители на ВМОРО.[36]

Поради отсуство на организирана власт, насекаде во Струмичкиот округ, особено во селата со мешано население „царувала анархија".[37] На просторот помеѓу Струмичко и Пехчевско се појавиле банди кои го грабале добитокот од турските села. Помеѓу окружниот и околиските центри не постоеле телеграфски и поштенски врски. Наредбите и соопштенијата биле пренесувани од специјални курири. Не постоеле никакви врски и односи ниту со „старите предели на царството и централната власт". Изолирани наполно, претставниците на привремената бугарска власт биле оставени сами на себе. Караманов, првата средба во Струмица ја остварил со егзархискиот митрополит Герасим. За него тој изнесува пофални зборови, бидејќи многу придонел за зацврстување на „бугарскиот дух" кој дотогаш бил задушуван од „грчкото духовенство и пропаганда".[38] Веднаш потоа тој се сретнал со привремените претставници на месната административна власт, како и со другите претставници на месната духовна власт. Истиот ден на двапати се сретнал со командантот на српскиот гарнизон, мајор Грбиќ. Притоа на површина избило првото недоразбирање. Амбициозниот бугарски војник Караманов, побарал од српскиот мајор, командата на српскиот гарнизон да ги напушти просториите во конакот за да се смести таму канцеларијата на привремениот Струмички округ и на истоимената околија. Откако

[35]Исто.

[36]Исто.

[37]Исто,168.

[38]Исто,169.

бил одбиен, Караманов ги прегледал сите јавни објекти во гардот, а на крај ја одбрал зградата на дотогашниот турски окружен суд, на која веднаш биле поставени неколку бугарски знамиња.[39] Полициската стража која дотогаш била сместена во конакот покрај српската команда, Караманов ја преселил во непосредна близина на окружниот суд, веднаш до седиштето на новата бугарска администрација. На тој начин во зградата на турскиот конак, покрај српската воена команда останала само канцеларијата на привременото кметство.

Откако обезбедил објекти за привремената бугарска управа, Караманов ги испратил четниците по селата за да обзнанат дека започнала да функционира бугарска административна и полициска власт. Истовремено биле повикани селските првенци, поповите и учителите да дојдат во Струмица за да добијат понатамошни инструкции.

На 16 ноември (ст. стил), по предлог потпоручник В'лчев, Караманов издал заповед за назначување на 30 души за полициски стражари од месното егзархиско население. За градски полициски пристав го назначил Никола Жеков, а Кочо Х. Манов за околиски. На тој начин сите четници биле ставени во функција на привремената бугарска власт. Истовремено преку градскиот кмет биле препорачани мерки за чистење на градот, отстранување на потенцијалните опасности за избивање на епидемија, осветлување на улиците итн. Околискиот полициски началник Кочо Х. Манов добил обврска да замине на Огражден и да ги елиминира разбојничките банди кои пљачкале добиток и го тероризирале турското население.[40]

На 17 ноември (ст. стил) В. Караманов ги именувал органите на административно-полициската управа за градот Струмица и за 54 села. Тој ден биле именувани околу 300-400 лица на разни должности.[41] Изборот бил направен помеѓу огромниот број луѓе (околу 1500), кои по претходно барање на Караманов се појавиле пред просториите на окружната управа. Обично биле одбирани railписмените луѓе, селските првенци, учителите и поранешните четници. Нивните обврски се содржани во наредниве препораки: 1. грижа за редот и мирот во селата. Селата претставуваат одделни општина и во нив треба да патролира селска милиција; 2. да се зачуваат селските амбари со храната во нив,

[39]Исто.
[40]Исто, 171.
[41]Исто.

која треба да се користи за исхрана на бугарската војска; 3. да состават и во рок од два дена да доставаат списоци на машкото население на возраст од 20 до 25 години, способни за оружје; 4. да се погребат непогребаните, а луѓето и добитокот кои биле лошо погребани и на несоодветни места да се препогребат подалеку од изворите за вода; 5. да информираат за појава на лоши болести; 6. редовно да доставуваат информации за положбата во својот крај (за убиства, нереди и сл.); 7. да го соберат и да го зачуваат сето турско државно оружје, како и сиот имот на избеганото турско население; 8. за сè друго ќе бидат дополнително информирани.[42] Бидејќи на овој собир, учествувале и околу 400 Турци од селата, инструкциите за нив биле објаснети на турски јазик. За секое село покрај кметот бил именуван секретар-бирник и по една тричлена комисија. Бројот на општинските стражари по селата зависел од местоположбата и бројот на жителите. За падари биле задржани дотогашните лица, доколку не биле компромитирани. Во турските села биле задржани дотогашните мухтари, а по крај нив била именувана тричлена комисија. Општинските падари и стражарите во овие села биле од мешан состав.

Приквечер било уредено и градското кметство. За претседател на тричлената градска комисија бил поставен: Васил Дудуклиев, лекар по професија и угледен струмички граѓанин. Всушност тој добил улога на кмет. За членови советници во комисијата биле именувани: Стојан Георгиев, долгогодишен учител и секретар на скопската бугарска митрополија и Панде Ќосев, еснаф – трговец. Како советници при тричлената комисија во својство на општински советници биле именувани 14 души (егзархисти, патријаршисти и 3 муслимани).[43]

На 18 ноември (ст. стил) В. Караманов, по покана од грчкиот владика, присуствувал на молебен во патријаршиската црква. Тогаш грчкиот владика прво го спомнал грчкиот крал Георги, а потоа бугарскиот цар Фердинанд. По завршувањето на молебенот, Караманов му забележал на владиката дека прво требало да го спомнува бугарскиот цар, бидејќи оваа област била ослободена и окупирана од бугарските војски, а во неа веќе била организирана и бугарска власт.[44] Вечерта во градот пристигнале поштенски чиновници за да ги

[42]Исто, 172.
[43]Исто, 174.
[44]Исто:

воспостават прекинатите телеграфски врски. На 19 ноември (ст. стил) В. Караманов издал заповед до околиските началници да започнат со формирање околиска месна милиција, според доставените списоци од општините. Избраните лица требало да се појават во Струмица на 24 ноември (ст. стил), а во меѓувреме биле преземени мерки за нивно сместување и обука. На 21 (ст. стил) ноември В. Караманов бил информиран од В'лчев дека добил известување од штипскиот окружен управник, според кое во иднина за распоредување требало да се обраќа кон него, бидејќи во согласност со инструкциите од повисоките власти не бил предвиден Струмички округ. Според тоа, привремениот Струмички округ требало да престане да функционира. Меѓутоа, во отсуство на конкретни наредби, Караманов продолжил да ја извршува должноста, преокупиран околу организирањето на месната милиција. Во меѓувреме, бидејќи мајорот Грубиќ одбил да го даде бараното оружје за вооружување на милиционерите, бил испратена наредба до сите кметови да го соберат и достават сето оружје што се наоѓало по селата.[45] На 22 ноември (ст. стил), Караманов и Н. Коцев разговарале со мајор Грбиќ во врска со месната милиција. Од разговорот Караманов сфатил дека српскиот командант добил инструкции да го попречи формирањето на месната милиција. Поради ова дошло до заладување на односите.[46] Во меѓувреме граѓаните за своите потреби сè повеќе се обраќале кон претставниците на локалната бугарска власт, игнорирајќи го српскиот командант. Истиот ден била воспоставена телеграфска врска помеѓу Струмица и Пехчево, а оттаму преку Царево Село директно со Бугарија. Со тоа комуникацијата станала полесна и побрза.

На 23 ноември (ст. стил), Караманов издал наредба обуката на идните милиционери да ја изведуваат војводите со нивните четници. Овој ден Караманов повторно разговарал со мајорот Грбиќ во врска со прашањето за месната милиција, која требало да се конституира наредниот ден.[47]

За најуспешен ден од своето кратко службување во Струмица, Караманов го смета 24 ноември (ст. стил). Тој ден во градот пристигнале околу 800 души кои биле повикани за милиционери.

[45]Исто, 177.
[46]Исто, 178.
[47]Исто, 179.

Тие биле прифатени во дворот на окружната управа. Набргу потоа било организирано свечено дефиле низ градските улици. На чело на дефилето бил единствениот бугарски офицер во градот, потпоручник В'лчев, а покрај него биле двајцата полициски пристави: војводите Н. Жеков и Кочо Х. Манов. Зад нив марширале четниците и новодојдените милиционери.[48] Во церемонијата учествувала и една мала српска единица, испратена од мајор Грбиќ. Тој ден Грбиќ го информирал Караманов дека добил заповед да не допушти формирање на месна бугарска војска. Караманов, возвратил дека собраните младинци не претставуваат војска, туку дека тие се претставници на локалната административна власт кои се собрани да се обучат за ракување со оружје за да го чуваат редот и мирот.[49]

Наредниот ден новите милиционери церемонијално положиле заклетва. За таа цел била одржана литургија во егзархиската црква со која чиноначалствувал владиката Герасим. Веднаш потоа присутните милиционери положиле заклетва со свечено бакнување на евангелие, крст и раката на владиката.[50] Од друга страна мајор Грубиќ, писмено побарал да се распуштат собраните милиционери. Но, неговото барање било игнорирано. На тој начин тензиите меѓу окупаторските власти во Струмица почнале да растат. За зацврстување на бугарскиот воен престиж во Струмица биле потребни дополнителни мерки. Затоа, вечерта на 25 ноември (ст. стил) 1912 година во Струмица пристигнал штабот на првата опълченичка дружина на чело со потполковникот Бенју Маринчев.[51] Неговото доаѓање требало да ја поткрепи бугарската административно-полициска власт. Маринчев со својот потполковнички чин, требало да го стави во подредена положба српскиот мајор Грбиќ. Наредното утро, Маринчев директно побарал од Грбиќ да му ја предаде командата на градот.[52] Грбиќ, одговорил дека тој нема ништо против, но дека тоа не може да го стори тоа додека не добие наредба од своите претпоставени.[53]

---

[48]Исто, 181.
[49]Исто, 182.
[50]Исто, 182-184.
[51]Исто, 185.
[52]За надминување на српско-бугарските недоразбирања во пределите околу Дојран, Гевгелија и Струмица, со согласност на српската и бугарската врховни команди на 22. 12. 1912 година бил потпишан Протокол за надминување на недоразбирањата. Протоколот бил потпишан од командантот на Првиот бугарски коњанички полк полковник Табаков и началникот на артилеријата на Првата српска Дунавска дивизија, потполковникот Катаниќ. Во Протоколот

Во меѓувреме струмичкиот околиски началник Козарев добил известување од министерот за внатрешни работи да го преземе управувањето на Струмица од рацете на Караманов, бидејќи не бил предвиден Струмички округ. Меѓутоа, В. Караманов истакнал дека тој бил именуван од началникот на Седмата рилска дивизија и додека не добие наредба оттаму, нема да ја напушти должноста. Приквечер во градот пристигнала и една чета ополченици. Тие, всушност, требало да ја спроведат обуката на новите милиционери. На 27 ноември за градски лекар бил именуван д-р Хаџи Василев, кој потекнувал од едно патријаршиско село, а медицина завршил во Атина.[54] Истиот ден набрзина бил извршен лекарски преглед на новопримените милиционери. Целта на прегледот бил колку да се види дали некој од нив има физички недостатоци. Неспособните веднаш биле ослободени од служба.

Утрото на 28 ноември (ст.стил), Караманов добил телеграма од министерот за внатрешни работи да ја предаде должноста на околискиот началник Козаров. По оваа, Караманов телеграфски се обратил до началникот на Седмата рилска дивизија со прашање дали постои или не Струмички округ, и дали треба да ја предаде должноста.[55] Вечерта Караманов добил телеграма од началникот на Штабот, генерал-мајор Андрев со која му било објаснето дека неговата должност како окружен управник била привремена и дека треба да ја предаде должноста на околискиот началник- Козарев.[56] На 30 ноември, Караманов заедно со Н. Коцов ја напуштиле Струмица и заминале за Солун. Со тоа згаснале сите активности на Привремениот струмички округ.

---

во врска со Струмица се вели: „1) Во Струмица и Дојран територијата се смета за завладеана од бугарската армија, со што правото на командантството и припаѓа на бугарската армија, но, ако началникот на српската единица е постар по чин и должност, тогаш началник на гарнизонот треба да биде постариот началник од двете сојузни армии. 2) Сиот затечен турски државен имот, оружје, магацини, облеки и собраното оружје од месното турско население, припаѓа на бугарската армија, која дејствува во тој реон. 3) Прехраната на единиците од двете војски ќе се обезбеди по пат на реквизиција во тие реони со редовни потврди, издавани од единиците на реквизициските комисии или од дивизиските интендантства". Види: Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969, 141-142.

[53]Владимир А. Караманов, Из административната ми дейност в Струмичко..., 185

[54]Исто, 187.

[55]Исто, 188.

[56]Исто, 199.

6. На крајот од овој прилог ги презентираме премрежјата на Васил Пандев Драгомиров.[57] Тие претставуваат извонреден материјал низ кој може да се проследи судбината на едно струмичко семејство во време на Балканските војни. В. Драгомиров бил егзархиски учител и активист на ВМОРО, родум од с. Драгомирово,[58] инаку жител на градот Струмица, којшто го затекнале Балканските војни како учител во Радовиш. По заминувањето на османлиите од Радовиш, В. Драгомиров, веднаш тргнал за Струмица за да ја дознае судбината на своето семејство. Уште кај с. Градашорци добил информација дека татко му бил приведуван, па ослободен, но дека брат му Тимо го нема.[59] Кога стасал дома, мајка му кажала дека добиле телеграма од брат му од Дојран, но дека сè уште го нема. Меѓутоа, татко му ја открил вистината. Тој му кажал дека брат му тргнал од Дојран, но дека кај с. Костурино му се губи трагата. Всушност, Тимо дотаму дошол со некои овчари. Тие дознале оти селото е блокирано и дека се приведени повеќе селани. Поради тоа го предупредиле да продолжи по заобиколен пат. Меѓутоа, Тимо не ги послушал овчарите и влегол во Костурино. Таму бил фатен од дојранските Јуруци, кои му ги зеле парите, часовникот, потурите, појасот и го фрлиле во една запалена купа слама каде изгорел. Неговите останки биле собрани од костуранчани во две сандачиња за газија и донесени во црквата. Поради тоа, мајка му го заколнала да не оди да ги види останките од својот брат.[60] Заедно со останките на Тимо во Струмица биле доведени и седуммина Јуруци вмешани во случајот. Татко му на В. Драгомиров отишол да ги види. Тогаш еден Јурук му поткажал дека едниот од нив, всушност, е облечен во потурите на син му Тимо. Откако се дознало тоа во градот, некои од градските касапи, посакале да влезат во конакот и да го заколат убиецот. Меѓутоа, српскиот командант не го дозволил тоа. Наредниот ден бил формиран народен суд во кој влегле: командантот, аѓутантот, петмина граѓани и војводите: Никола Жеков, Кочо Хаџи Манов и Лефтеров. Судот прво го испрашал оној што ги носел потурите на Тимо. Во исто време двајца Турци посведочиле

---

[57]Види: Борбите в Македония. Спомени на Отец Герасим, Георги Райков, Дельо Марковски, Илия Докторов, Васил Драгомиров, Съставител: Борис Йорданов Николов, София, 2005, 190-200.
[58]Селото денес не постои.
[59]Спомени на Васил Драгомиров..., 195.
[60]Исто, 196.

дека обвинетиот учествувал во неговото горење. Како сведок бил повикан и кројачот Георги Лазаров, кој ги препознал потурите што му ги сошил на Тимо. Дури тогаш судот за обвинетиот изрекол смртна казна со горење, како што била неговата жртва. По барање на аѓутантот смртна казна била изречена и за другите приведени Јуруци бидејќи учествувале во избивањето на 20 жители во Костурино.[61] Васил Драгомиров и неговиот татко биле сведоци при извршувањето на пресудата од страна на четата на Лефтеров.

По неколку дена, В. Драгомиров бил назначен за секретар при околискиот началник во Радовиш.[62] Но, само по два-три дена го повикале во Струмица. Оттаму преку Дојран заминал за Сер. Таму се собрале толку многу луѓе, што бугарските воени власти се чуделе што ќе прават со нив. Поради тоа му бил издаден отворен лист и повторно се вратил во Струмица. В. Драгомиров соопштува дека во меѓувреме во Струмица пристигнал нов пристав, кој сметал дека дошол во „Калифорнија" за брзо збогатување. За изнудување пари тој често ги праќал на разни должности. Оние што сакале да се избават од тоа давале поткуп, додека оние како Драгомиров што не сакале да платат, скоро секоја вечер биле поставувани за ноќни патроли.[63]

Во Втората балканска војна, по влегувањето на грчките војски во Струмица, Васил Драгомиров со семејство побегнал кон Бугарија. Тој со својата жена, двете деца и сестра му, тргнале пешки кон с. Сарај, каде планирал да обезбеди добиток за јавање за децата. Оттаму со две магариња тргнал на Огражден, каде сметал да остане до доаѓањето на генерал Радко Димитров со неговата армија, која требало да ги прогони Грците од Струмица. Меѓутоа, наместо генерал со голема армија, кај нив дошол еден офицер и еден војник, кои биле сосема изгладнети. Тие им советувале да бегаат кон Бугарија дури има време, бидејќи Кресненската Долина веќе била заземена од грчки војски, а од кај Царево Село настапувале српски војски, кои можеле да им го пресечат патот.[64] Оттаму стасале во Берово, од каде по еден ден заминале за Пехчево. Во тоа време Пехчево било преполно со бугарски војски, а еден бугарски офицер им советувал да продолжат кон Горна Џумаја, бидејќи овде требало да се развијат воени дејства.

---

[61]Исто.

[62]Исто, 197.

[63]Исто.

[64]Исто, 197-198.

Поради тоа В. Драгомиров со семејството продолжил кон Г. Џумаја. Кога стигнале таму, повторно им советувале да продолжат кон Бугарија. Во с. Кочериново биле прифатени во училиштето. Таму биле прибрани од еден поранешен четник од струмичкото село Дрвош, кој од порано се преселил во Кочериново. Таму останале една недела. Во меѓувреме пристигнале мајка му и татко му кои ја зеле неговата сестра и заминале за с. Рила, а Васил преку Дупница, заминал за Софија. Таму биле сместени во Бобешкиот ан, каде како бегалци добивале бесплатно леб.[65]

Во меѓувреме, напредувањето на грчките војски запрело. Родителите на Драгомиров откако ја дознале оваа информација од офицерите на фронтот, веднаш тргнале назад. Непосредно пред Струмица останале во с. Пиперово, бидејќи грчките војски сè уште биле во градот. Еден ден тие влегле во градот за да ја видат својата куќа, која била опљачкана. Во меѓувреме еден пријател им соопштил веднаш да го напуштат градот за да не биде затворени. Татко му успеал да побегне, но мајка била затворена, меѓутоа благодарение на залагањето на некои пријатели, таа била ослободена.

Според В. Драгомиров, кога грчките патријаршисти разбрале дека, според Букурешкиот договор, Струмица треба да ѝ припадне на Бугарија, тие ги запалиле своите куќи и патријаршиската црква, а потоа на најголем дел се преселиле во изгорениот Кукуш, некои во Солун и на други места.[66]

По потпишувањето на Букурешкиот договор, В. Драгомиров одлучил да се врати во Струмица. Меѓутоа, проблем било кога и со што. Парите што ги имал завршиле. Додека бил во Софија, како помош добил една турска лира од Христо Чернопеев, чии деца претходно престојувале цела година кај него во Струмица. По извесно време случајно се сретнал со Христо Џолев од с. Моноспитово, кој без двоумење прифатил да му ги однесе децата до Горна Џумаја. На еден коњ ги натовариле бремената жена и двете деца, а тие тргнале пешки. По пат жена му добила породилни болки. Во Горна Џумаја им се родила ќерка, која ја крстиле Перса, но по враќањето во Струмица ја прекрстиле во Данка. Така, девојчето останало со двојно име Перса-Данка.[67] Седум дена по породувањето продолжиле за Струмица, пак

[65]Исто, 198.
[66]Исто, 199.
[67]Исто, 200.

со еден коњ, но овој пат, со четворица врз него. Во еден кош од едната страна било бебето, од другата багажот, врз самарот била жена му со едниот син пред неа, а другиот зад неа. Така, во средината на октомври 1913 год. стигнале на своето огниште во Струмица. Меѓутоа, тоа не траело за долго. По Првата светска војна и заземањето на Струмица од страна на Србите, Драгомиров одново се сели во Бугарија.

Такви се судбините на сите преселници и бегалци во војните, без оглед на нивната етничка и верска припадност, без оглед дали се на страната што губи или што победува. Обичниот човек секогаш е губитник и страдалник.